# совет за етика во медиумите на македонија

21.01.2016

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Саша Богдановиќ за текстот „РИНАТ КАКО СВИНЧИЊА И ЛАПААТ ПО 2.000 ЕВРА ПЛАТА Богдановиќ земал 2.000 евра плата од граѓаните на Центар“, објавен на ден 20.11.2015 година, реобјавен на ден 21.11.2015 година под наслов „НЕ СЕ НОРМАЛНИ: Директорот зема 2.000 евра плата, неговиот заменик 1.500 евра плата – Саша Богдановиќ и Вангел Андрески!“, на интернет порталот Infomax.mk**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 4, 10 и 13.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Член 4.

*"Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити."*

Член 10.

*"Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)"*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот"*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 04.12.2015 година, лицето Саша Богдановиќ поднесе жалба за текстот „РИНАТ КАКО СВИНЧИЊА И ЛАПААТ ПО 2.000 ЕВРА ПЛАТА Богдановиќ земал 2.000 евра плата од граѓаните на Центар“, објавен на ден 20.11.2015 година, реобјавен на ден 21.11.2015 година под наслов „НЕ СЕ НОРМАЛНИ: Директорот зема 2.000 евра плата, неговиот заменик 1.500 евра плата – Саша Богдановиќ и Вангел Андрески!“, на интернет порталот Infomax.mk.

Во жалбата се наведува дека во контекст на објавениот текст изложена е и фотографија од месечната пресметка за наводната плата што ја примил Богдановиќ како месечен надоместок за функцијата што ја извршува – директор на јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар. Притоа се вели дека текстот упатува на тоа дека информацијата е добиена од ВМРО ДПМНЕ Општински комитет – Центар, “коишто во моментот на објавата на текстот ниту имаа одржана прес - конференција, ниту пак изготвувачот на објавениот текст упатува на каква било информација за начинот на прибавување на фотографијата од месечната пресметка за плата, со која јавно се објавени лични податоци под посебна заштита”. Притоа, во жалбата е нагласено дека жалителот не бил консултиран за конкретните наводи, ниту пак е побарана информација од ЈП Паркинзи за неговите месечни примања. Дополнително, вели Богдановиќ, “ринат како свинчиња” е крајно несоодветен речник како за употреба од општа култура, така и за новинарски текст. Освен тоа, вели жалителот, во објавениот текст се констатираат несоодветни термини коишто се очигледно тенденциозни, малициозни, клеветнички, но и дискриминаторски поради неговата припадност кон одредена политичка партија, а самиот наслов на текстот создава привид на сензационалистичка содржина, којашто во целост е спротивна на реалните околности.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот Инфомакс, со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот интернет портал не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата ги зеде предвид и :

Чл.4-а од Законот за заштита на личните податоци во кој се вели дека одредбите од членовите 6, 7, 11, 12, 13, 14, 16, 22 и од 27 до 36 на овој Закон нема да се применуваат врз обработката на личните податоци што се врши единствено за:

- литературниот и уметничкиот израз и
- професионалното новинарство во согласност со етичките правила на оваа професија.

Одредбите од овој Закон нема да се применуваат врз обработката на личните податоци што се врши за професионалното новинарство, само во случај ако јавниот интерес преовладува над приватниот интерес на субјектот на лични податоци.

Чл. 6 ст. 1 алинеја 1 од Законот за заштита на личните податоци во кој се вели дека обработката на личните податоци може да се врши по претходно добиена согласност на субјектот на лични податоци;

***

На седницата на 22.12.2015 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Саша Богдановиќ и направи увид во наведените текстови.

Комисијата констатираше дека јавен интерес постои поради што и се објавени лични податоци, но притоа заклучи дека е неопходно да се работи на професионален и етички начин при остварувањето на јавниот интерес.

***

Комисијата за жалби најде дека во текстот „РИНАТ КАКО СВИНЧИЊА И ЛАПААТ ПО 2.000 ЕВРА ПЛАТА Богдановиќ земал 2.000 евра плата од граѓаните на Центар", објавен на ден 20.11.2015 година, реобјавен на ден 21.11.2015 година под наслов „НЕ СЕ НОРМАЛНИ: Директорот зема 2.000 евра плата, неговиот заменик 1.500 евра плата – Саша Богдановиќ и Вангел Андрески!", на интернет порталот Infomax.mk, прекршен е членот 1. од Кодексот на новинарите според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството. Затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им се даде можност на сите засегнати страни од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во споменатиот текст прекршен е член 4. според кој новинарот секогаш треба да биде критичен кон изворот и да ги провери доставените информации. Особено внимание треба да се обрне во ситуации кога се користат анонимни извори или кога на новинарот му се нудат ексклузивни информации. Во тие случаи особено е потребно да се проверат мотивите на сотавувачот на информацијата.

Понатаму, Комисијата најде дека е прекршен член 10. од Кодексот, според кој медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар) кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст е прекршен и член 13., според кој новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Сефер Тахири.

**Се обврзува интернет порталот Infomax.mk, во согласност со членот 18. од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595